**Република Северна Македонија**

**Основно јавно обвинителство Кавадарци**

I А бр.04-165/20
23.12.2020 година

**ЕМЈ/ЕБ**

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителски службеници (Службен весник на Р.Македонија бр.62/15 и бр.11/16) и Основниот јавен обвинител од Кавадарци, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавен оглас за вработување на јавнообвинителски службеник во Основно јавно обвинителство Кавадарци и тоа на работно место Помлад референт - доставувач, врз основа на Предлог на кандидати од комисијата за селекција за вработување се избира:

Александар Ивановски

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Коха“ објави јавен оглас бр.1/2020 за пополнување на работно место Г4 Помлад референт-доставувач - 1 (еден) извршител во Основно јавно обвинителство Кавадарци.

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработуаање по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за вработување, Основниот јавен обвинител од Кавадарци изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од 5 (пет) дена од конечноста на одлуката за избор Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообивнителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страницата и на огласната табла на Јавното обивнителство на Република Северна Македонија.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
Елизабета Мишева-Јорданова

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Јавно обвинителство Кавадарци, до Советот на јавнообвинителската служба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија:
- Одделение за управување со човечки ресурси на ЈОРСМ;
- Избраниот кандидат Александар Ивановски;
- Архива.